РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 09-591/6
22.07.2021 год.
Валандово

Општина Валандово
Република Северна Македонија

Врз основа на член член 17 ст.1 од Закон за младинско учество и младински политики („Службен весник на РМ“ бр.10/20), член 50 став 1 точка 11 и член 63 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/2002), член 36 став 1 алинеја 5, член 43-б став 5 и член 50 став 3 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за формирање на Иницијативен одбор за одржување на конститутивно локално собрание на млади на Општина Валандово**

1. Со оваа Решение, **СЕ ФОРМИРА** Иницијативен одбор за одржување на конститутивно локално собрание на млади на Општина Валандово
2. Врз основа на спроведена постапка со Јавниот повик, објавен на Веб страната на Општина Валандово на ден 09.07.2021 година, по предлог на Службеникот за млади одговорен за работењето на Канцеларијата за млади на Општина Валандово, за членови на Иницијативниот одбор се назначуваат:
   - Марија Илиевска, номинирана од Здружение за културен, спортски и едукативен развој "Свет на промени";
   - Софија Гетова, номинирана од Здружение за климатска и социјална правда "Колектив Зет" и
   - Драган Митев, номиниран од Здружение "Еко Правда" Валандово.
3. Работите околу свикувањето на иницијативниот одбор ги координира Службеникот за млади одговорен за работењето на Канцеларијата за млади на Општина Валандово
4. Иницијативниот одбор, по принципот на транспарентност и јавност, го распишува повикот за конститутивно локално собрание на млади, објавувајќи го истиот на ВЕБ страната на општината.
5. Иницијативниот одбор се формира само за одржување на конститутивното локално собрание на млади.
6. Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Општина Валандово на ден 09 јули 2021 година на ВЕБ страната на општината, објави Јавен повик за формирање на Иницијативен одбор за одржување на конститутивно локално собрание на млади на Општина Валандово.

По истекот на повикот, Службеникот за млади одговорен за работењето на Канцеларијата за млади на Општина Валандово ги има разгледано сите поднесени апликации со кои се номинират кандидати за членови на Иницијативниот одбор и има составено записник од нивното разгледување. Притоа Службеникот за млади, утврдувајќи дека сите предлози се уредни и со комплетна документација како што е барано со повикот, има дадено предлог на кандидати за членови на иницијативниот одбор.

Општина Валандово
Република Северна Македонија

Имајќи го во предвид дадениот предлог, се утврди дека се создадени сите услови и со оваа Решение се формира **Иницијативен одбор за одржување на конститутивно локално собрание на млади на Општина Валандово и се назначуваат членови на истиот.**

.

Градоначалник
на Општина Валандово
Перо Костадинов

Изработил: С. Димитров
Контролирал: В. Лазов
Одобрил: Б. Киров

Доставено до :

- Архива;
- Кандидатите

ОПШТИНА ВАЛАНДОВО

Ул. „Иво Лола Рибар" бр.3
2460 Валандово, Р. Северна Македонија
Тел. +389 (0)34/382-044, www.valandovo.gov.mk